# КОЛКАВО Е НИВОТО НА РЕАКТИВНОСТ И ПРОАКТИВНОСТ

## кај јавните институции во РСМ во 2020 година

### *Владата на РСМ потребно е да:*

- ги процени капацитетите на 14-те опфатени институции со цел да ги утврди причините за нивно континуирано прекршување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и необјавување на информации и документи на нивните интернет-страници. Врз основа на направената проценка во соработка со граѓански организации, да се направи план за унапредување на нивото на реактивност и проактивност на овие јавни институции;
- воведе и редовно да спроведува методологија за следење и евалуација на спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и проактивно објавување на своите буџетски и програмски документи.

Фискалната транспарентност претставува проток на веродостојни и значајни документи и информации поврзани со јавните финансии и со неа се зголемува степенот на информираност на граѓаните и се поттикнува нивната самоиницијативност со залагање за донесување на одлуки или пак директно преку избрани претставници. Фискалната транспарентност е клучен фактор за зацврстување на интегритетот на јавните институции. Таа го подобрува внатрешниот тек на информации, со што се зголемува и нивната ефикасност, но исто така придонесува и за подобро управување со информациите и во комуникација со граѓаните. Информациите треба да се разбирливи, употребливи и лесно достапни така што сите иматели се должни редовно на своите интернет-страници да ги објавуваат информациите со кои располагаат.

Преку оценувањето на нивото на реактивната и проактивната транспарентност, оваа анализа има за цел да утврди дали јавните институции ги почитуваат основните критериуми за транспарентно работење утврдени со меѓународните и националните стандарди. Процесот опфаќа мерење на обемот на јавно достапните документи за буџетско и програмско работење на јавните институции и оцена на почитувањето на нормите предвидени во важечкиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Реактивната транспарентност** на институциите се мери преку анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер за секоја институција поодделно. Работењето на секоја институција се однесува од аспект на осум параметри и тоа: број на добиени одговори во редовна постапка; број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка; број на одбиени или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер; број на барања по кои имателите молчеле; број на доставени жалби до имателите на информации од јавен карактер; број на жалби по кои е добиен одговор; просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка; просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

**Проактивната транспарентност** на институциите се мери преку спроведување мониторинг на објавувањето или необјавувањето на клучни документи и информации, како: стратегија за работа; годишни програми; буџетски календар; предбуџетска изјава; граѓански буџет; предлог-буџет и усвоен буџет; предложените и усвоените измени и дополнувања на буџетот; буџетски документи во отворен формат (xml и excel); месечни извештаи за извршување на буџетот; полугодишен извештај за извршување на буџетот; завршната сметка на буџетот; ревизорскиот извештај; податоци за лицето назначено за посредување со информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

## I. КОЛКАВО Е НИВОТО НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2020 ГОДИНА

Доколку го разгледаме нивото на реактивната транспарентност, може да се заклучи дека во 2020 година е забележано **унапредување на реактивната транспарентност** кај три институции (или пак 21, 42 %), кои обезбедиле целосен одговор на барањето во редовна постапка и против кои не била покрената жалбена постапка. Исто така, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи останале на листата на реактивно транспарентни институции. Седум институции од четиринаесет не биле предмет на оценување на реактивната транспарентност во тековната година *(види табела број 1).*

Институциите што делумно го почитувале Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и преминале во **реактивно транспарентни** се: Министерството за финансии, Институтот за јавно здравје и Центарот за јавно здравје Кочани, но наспроти ова, Центарот за јавно здравје Кочани и Институтот за јавно здравје не објавуваат проактивно документи и поради тоа се проактивно нетранспарентни *(види табела број 1).*.

Институции кај кои **нема промена** во транспарентноста, односно останале на листата на делумно реактивно транспарентни се здравствените институции: Здравствен дом Скопје и Центар за јавно здравје Скопје *(види табела број 1).*

**Уназадување** на реактивната транспарентност забележана е кај Министерството за информатичко општество и администрација, која од реактивно транспарентна преминала во институција што делумно го почитува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер *(види табела број 1).*

Во 2020 година институција што објавила повеќе од 75 % од мониторираните документи и доставила целосни одговори на барањата во предвидениот законски рок е Министерството за финансии, која е **реактивно и проактивно транспарентна** *(види табела број 1).*

**Забележителна е промената на три институции** или пак 21,42 %, односно кај Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација, кои преминале од **проактивно нетранспарентни** во делумно проактивни институции, кои делумно ги објавуваат документите за своето буџетско и програмско работење *(види табела број 1).*

Кај речиси сите или **девет** институции или пак 64,28 %, нема промена во нивото на проактивната транспарентност, односно останале проактивно нетранспарентни: Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Институтот за јавно здравје, Центарот за јавно здравје Скопје, Центарот за јавно здравје Кочани и Здравствениот дом Скопје *(види табела број 1).*

## II. КОИ СЕ ПРОМЕНИТЕ ВО НИВОТО НА РЕАКТИВНОСТ И ПРОАКТИВНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА 2020 ГОДИНА НАСПРЕМА ИЗМИНАТИТЕ ТРИ ГОДИНИ?

Во 2020 година, како и во изминатите три години, и покрај напорите на Владата за унапредување на транспарентноста во јавниот сектор, институциите обезбедуваат повеќе информации преку постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, наспрема информациите што јавно ги објавуваат. Наместо институциите да го намалат трудот на своите вработени и да ги намалат своите торшоци и трошоците на барателите на информации преку јавно поставување на информациите со кои располагаат, тие од година во година трошат многу средства и време во бирократски постапки за пристап до информации *(види табела број 1).*

Во периодот од 2017 до 2020 година, реактивно и проактивно нетранспарентни се пет институции и тоа: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски и Министерството за надворешни работи *(види табела број 1).*

Во истиот период реактивно транспарентни или пак делумно реактивно транспарентни, а пак проактивно нетранспарентни се 10 институции, меѓу кои: Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје, Центарот

за јавно здравје Скопје, Центарот за јавно здравје Кочани, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација *(види табела број 1).*

**Единствена институција која во изминатиот период е проактивно делумно или целосно транспарентна, меѓутоа се соочува со проблеми во обезбедување на информаци преку постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер е Министерството за финансии** *(види табела број 1).*

## ЛЕГЕНДА НА ОЦЕНКИ

| | |
|---|---|
| ★ (црвена) | **НЕТРАНСПАРЕНТЕН**<br>Нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата. |
| ★ (жолта) | **ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**<br>Делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата. |
| ★ (зелена) | **ТРАНСПАРЕНТЕН**<br>Транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 1 % нецелосни одговори, 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата. |

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

| | |
|---|---|
| ★ (црвена) | **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**<br>институција што има основено под 6 поени, или што објавила помалку од 40 % од мониторираните документи. |
| ★ (жолта) | **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**<br>институција што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41 до 75 % од мониторираните документи. |
| ★ (зелена) | **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**<br>институција што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75 % или речиси сите мониторирани документи. |

## ТАБЕЛА 1. Сумарна оцена на реактивната и проактивната транспарентност на 14 институции од јавниот и здравствениот сектор

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ↓ | 2020 ГОДИНА | | 2019 ГОДИНА | | 2018 ГОДИНА | | 2017 ГОДИНА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на нивото на реактивна транспарентност | Оцена на нивото на проактивна транспарентност | Оцена на нивото на реактивна транспарентност | Оцена на нивото на проактивна транспарентност | Оцена на нивото на реактивна транспарентност | Оцена на нивото на проактивна транспарентност |
| Министерство за здравство | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Министерство за финансии | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Министерство за образование и наука | ☆ | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ☆ | ★ (yellow) |
| Министерство за култура | ☆ | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | ☆ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | ☆ | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Министерство за правда | ☆ | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Министерство за транспорт и врски | ☆ | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (yellow) |

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.